


# РОДОВО БАЗИРАНА АНАЛИЗА ЗА ОНЛАЈН - ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО (Сајбер-Булинг)

Институт за човекови права

CFLI/FCIL
Canada Fund for Local Initiatives
Fonds canadien d'initiatives locales

Canada

**РОДОВО БАЗИРАНА АНАЛИЗА ЗА ОНЛАЈН ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО (САЈБЕР БУЛИНГ)**

**Издавач:**
Институт за човекови права

**Уредник:**
Мартин Сопронов

**Автор:**
Даниела Антоновска

**Лектура:**
Татјана Стојановска

*Скопје, 2024 година*

*Оваа анализа е изготвена како дел од проектот „Борба против сајбер-булинг врз девојчиња“ поддржан од Амбасадата на Канада преку Канадскиот фонд за локални иницијативи. Содржината на оваа анализа е одговорност на Институтот за човекови права и не мора да ги одразува ставовите на донаторот.*

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 4

1. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 6

1.1. Поим и дефинирање на онлајн-врсничкото насилство (сајбер-булинг) ..... 6

1.2. Родовата димензија на онлајн-врсничкото насилство (сајбер-булингот) ..... 8

2. ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА ВО ЕУ ..... 12

2.1. Правна рамка во Република Северна Македонија ..... 12

3. НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ОНЛАЈН-ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО (САЈБЕР-БУЛИНГ) ОД РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА ..... 14

3.1. Наоди од фокус - групите ..... 19

4. НАОДИ ОД АНКЕТАТА ..... 22

5. ЗАКЛУЧОК ..... 24

6. ПРЕПОРАКИ ..... 26

# ВОВЕД

Зголемената достапност на дигиталните технологии во текот на последнава деценија резултираше со зголемување на стапката на онлајн-(сајбер) вознемирувањето. Повеќе од еден милион луѓе низ светов стануваат жртви на некој вид компјутерски криминал речиси секој ден, а ова ги вклучува и младите луѓе, активни во сајбер-просторот. Младите кои се вклучени во сајбер- булингот, најчесто се вклучени во три категории - како жртви, сторители или како случајни сведоци (трети лица сведоци на сајбер-булинг). Онлајн-врсничкото насилство има тенденција да се перцепира како алармантна и брзо растечка појава, како во светот, така и кај нас. Младите ги користат апликациите и форумите за разговор, следат голем број познати домашни, регионални и странски инфлуенсери и јутјубери. Комуникацијата и интеракцијата, односно содржината и наративот, иако навидум изгледаат безопасни, често содржат недолични, непристојни, деградирачки коментари кои можат да поттикнат и да иницираат говор на омраза. Наративот се прелева и во физичкиот простор, а често пати однесувањето во физичкиот простор продолжува и во онлајн-просторот. Временската и просторната неограниченост, анонимноста во сајбер-просторот, потешкото разоткривање, масовното изложување на наративот и други визуелно употребени средства се главните карактеристики на онлајн-врсничкото насилство.

Онлајн-врсничкото насилство влијае на психолошката и на емоционалната состојба на личноста која е вознемирувана. Кога се работи за млади личности, тоа може да има трајни ефекти врз нивниот понатамошен развој и живот. Како посебен вид онлајн-(сајбер) вознемирување е родовобазираното онлајн-вознемирување, кое е насочено против некоја личност поради родот, односно кое несразмено влијае врз лицата од одреден род. Иако ги погодува и момчињата, сепак, родовобазираното онлајн-вознемирување најмногу влијае врз девојчињата. Истражувањата, во глобални рамки, говорат дека девојките се најчести жртви на родово базирано онлајн-вознемирување, а момчињата почесто се јавуваат како сторители на истото. Родовите стереотипи, предрасудите и традиционално заснованите родови улоги ги засилуваат (насилните) културните образци на однесување од физичкиот, во онлајн-просторот. Последните случаи на родово базирано сајбер- насилство во Северна Македонија, како што се „Јавна соба“, „Јавна соба два“, „Ромска јавна соба“ преку споделување монтирани фотографии, случаите со девојчињата кои беа опсесивно сајбер демнети, монтираните фотографии на ученички, како и јавните сведоштвата на инфлуенсери и тиктокери дека биле жртви на онлајн-врсничко насилство, покажуваат дека истиот зазема загрижувачка димензија.

Анализава, со користење на квантитативно-квалитативен методолошки пристап, се осврнува на поедини случаи на онлајн-врсничко насилство врз девојчињата, но и на конкретни примери на онлајн-врсничко насилство врз момчиња. Кон девојчињата наративот е главно со сексуална конотација, со мизогинистички и сексисички коментари. Тие често се гледаат низ призма на сексуална објектификација. Кај момчињата вознемирувачкиот наратив главно е застапен на профили кои отстапуваат од општоприфатените норми на хетеронормативност и културно и социјално вкоренети непишани правила за женственост и мажественост.

Наодите покажуваат дека има и голем број поддржувачки и оправдувачки коментари на деградирачки наратив и присутност на говор на омраза и кај јавните личности. Јавните личности најчесто обвинуваат за онлајн-врсничкото насилство кое им се случува.

Наодите од фокус-групите и од анкетата укажуваат на различни форми на онлајн-врсничко насилство на кои се подложни девојчињата и момчињата, како и на различни мотиви/причини поради кои се јавуваат како вршители на сајбер-булинг.

Анализава покажува дека е потребна поголема регулација, односно саморегулација на онлајн- медиумите, превентивни и интервентни програми во училиштата, континуирани кампањи за подигање на свеста на учениците, како и редовни и сеопфатни обуки за зголемување на медиумската и дигиталната писменост. Компонента која е значајна во превенцијата и во справувањето со онлајн-врсничкото насилство е и воведувањето родово сензитивно образование во наставните програми, како и земањето предвид на родовите разлики при планирањето, развојот и спроведувањето на програмите за превенција и интервенција.

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА

Методолошкиот пристап вклучуваше комбиниран пристап, односно употреба на квантитативни и квалитативни алатки. Во рамки на процесот беа користени следниве методолошки алатки: прашалник - како техника на квантитативен методолошки пристап, со прашања од затворен тип , со единичен и повеќекратен избор, но беа застапени и прашања со Ликерт скала, односно со скали за рангирање. Прашалникот беше дизајниран така што започнуваше со поедноставни прашања, со понатамошен пристап кон покомплекси прашања, но соодветни за возраста на испитаниците. Репрезентативен примерок, опфатен во прашалникот, беа 1017 ученици од 3-та и 4-та година, од кои 560 девојчиња и 440 момчиња од средни училишта, од сите 8 плански региони во Република Северна Македонија. Во рамки на квалитативните методолошки алатки се применија фокус-групи, односно беа одржани 2 фокус-групи во средни училишта во Скопје и Штип, со вкупно 37 учесници, сите девојчиња. Фокус-групите се спроведоа по претходно подготвен прашалник, составен од 8 прашања. Исто така, во рамки на квалитативните медотолошки алатки, покрај фокус-групите беа применети и систематско набљудување и следење на случаи на онлајн-врсничко насилство на социјалните мрежи во периодот од 1 јануари до 20 февруари. Истото се состоеше од неколку чекори, како што се следење на наративите на социјалните мрежи во определен временски период, со нагласување на конкретен период кога има зголемена активност, релевантна за набљудување на различни форми на онлјан вознемирување кај младите, како и следење на одредени клучни профили/страници на инфлуенсери/-ки на неколку социјални мрежи. Се спроведе и анализа од родова перспектива на клучниот наратив и проценка на клучни зборови и клучни актери /профили во кои најчесто се среќаваше онлјан-вознемирувањето и класифицирањето на наративот, соодветно на формите на онлајн - врсничкото насилство.

Наративот, односно коментарите беа анализирани како квалитативно, така и квантитативно. Квалитативно беа анализирани од аспект на онлајн-сексуалното вознемирување и други форми на онлајн-врсничко насилство, додека пак од аспект на квантитативна анализа беше мониторирано кои се најчесто употребуваните зборови и изрази, односно се следеше трендот и колку кликови/лајкови имаат добиено. Исто така, за подобра визуелизација на анализата, се користеа и скриншот од одредени објави, како и коментари на социјални мрежи ,почитувајќи ја анонимноста на оној кој го искажал и објавил коментарот. Покрај профили на инфлуенсери кои младите најмногу ги следат, се мониторираа и поткасти и тематски дискусии на форуми кои беа дел од интернет портали на кои младите поминуваат повеќе време.

## 1.1. ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ОНЛАЈН-ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО (САЈБЕР-БУЛИНГ)

Иако не постои општо договорена дефиниција за онлајн-врсничкото насилство, која се користи на ниво на Европската Унија, сепак, неколку институции даваат значајни дефиниции за оваа сè повеќе раширена појава. Европската комисија го дефинира онлајн-врсничкото насилство (сајбер-булингот) како „повторливо вербално или психолошко вознемирување, извршено од поединец или од група, против други поединци, преку интернет услуги и дигитална технологија." Обединетите нации го дефинираат како „сериозна манифестација на онлајн-насилство, со карактеристики на дисбаланс на моќта, употреба на електронски или дигитални средства, анонимност и капацитет за масовна комуникација." Со еволуирањето на дефиницијата сè повеќе се прифаќа дека „сепак само еден онлајн чин може да биде форма на сајбер-вознемирување, без потреба делото да се повторува со текот на времето."[1]

1 Dalla P., Di Pietro A., Morel S., Psaila E. Cyber bulling among young people, 2016 EU, Directorate General for Internal Policies Policy department Citizen rights and constitutional affairs, достапно на ***https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2016/571367/IPOL_STU(2016)571367_EN.pdf***

Онлајн-врсничкото насилство често ги споделува трите главни карактеристики на традиционалното вознемирување: намерност, повторување и нерамнотежа на моќта, но исто така има и дополнителни карактеристики, како анонимност, потешко разоткривање на сторителите и временска неограниченост. Додека малтретирањето во реалниот живот обично вклучува поголемо, посилно дете, кое избира помало дете или маж што вознемирува жена на јавни места, во онлајн-светот физичката сила воопшто нема улога. Во овој тип вознемирување голема улога имаат дигиталните вештини, кои се клучни во дисбалансот на моќта. Уште еден елемент кој влијае и го засилува феноменот на онлајн-врсничкото насилство е анонимниот аспект. Во случај на малтретирање во училишен двор или училница, жртвата има можност да го напушти просторот, насилникот е познат и истиот може да биде санкциониран. Во виртуелниот свет, сторителите најчесто се анонимни и понекогаш нема начин да се сознае дали се работи за едно лице или за група лица, а жртвата често нема место каде може да се сокрие. Пријавувањето до надлежните лица и до институциите често се покажува залудно, бидејќи IP-адресите може да се прикријат и локацијата да се сокрие.[2]

Најчесто се среќаваат следниве форми на онлајн-врсничко насилство:

1. **Социјална исклученост** - Социјалното исклучување е чин на намерно изоставување некого. На пример, дете може да биде исклучено од група или од забава за која сите зборуваат и која е популарна, или може да биде изоставено од пораките или разговорите што вклучуваат заеднички пријатели.

2. **Вознемирување** - треба да се направи разлика помеѓу (онлајн) врсничко насилство и вознемирувањето. Кога онлајн-врсничкото насилство се заснова на заштитена (дискриминаторска) основа, како што се расата, бојата на кожа, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, возраста, попреченоста, тогаш тоа однесување се дефинира како вознемирување.

3. **„Доксинг“ или изнудување и ширење доверливи информации** е секој чин на откривање чувствителни и /или лични информации за некого, без негова согласност, со цел да му се нанесе штета или понижување.

4. **Измама (trickery)** - е слична како доксингот, но вклучува дополнителен елемент на измама. Во овие ситуации насилникот се спријателува со својата жртва,му влева доверба и лажно чувство на сигурност. Откако ќе ја добие довербата, ја злоупотребува.

5. **Онлајн-(сајбер) демнење** - вклучува заканувачко однесување кое предизвикува страв, повреда на правото на приватност на личноста и се манифестира со повторени дејства.

6. **„Фрапинг“** - е комбинација од зборовите Facebook и силување. Оваа форма повеќе не се ограничува само на Facebook и истата се случува кога насилникот добива контрола врз нечиј профил на социјалните мрежи и објавува содржина со цел да ја понижи или посрамоти жртвата.

7. **„Маскирање“** - односно лажно претставување или преземање туѓ идентитет. Тоа е создавање лажен онлајн-профил или идентитет и имитирање некого, без негова согласност.

8. **Озборување и клевети (Дисинг)** - вклучува измислување информации за жртвата и нивно испраќање и споделување по електронски пат.

9. **„Тролање“** - е кога некое лице намерно се обидува да поттикне негативни реакции со објавување нападни, злонамерни и штетни коментари на интернет.

2 The Dark Side of Digitalization: Cyberbullying in the European Union, ECPM, 2023, достапно на *https://www.ecpm.info/news/the-dark-side-of-digitalization-cyberbullying-in-the-european-union.html*

10. **„Flaming" или пламен** - е слично на тролањето, но е личен и директен напад над поединецот, вообичаено во група социјални медиуми или форуми и блогови за разговор.

11. **„Happy slapping" или среќна шлаканица** - е термин кој потекнува од Обединетото Кралство. Истиот означува ситуација во која едно или повеќе лица напаѓаат друго лице, со цел да го снимат нападот и потоа снимката да ја дистрибуираат на социјалните мрежи.

12. **Секстингот и сексуалниот груминг (sexting and sexual grooming)** - Секстингот опфаќа електронска размена на текст, слики и видеа со недолична/сексуална содржина и може да придонесе кон понатамошно уценување на поранешни партнери. Сексуалните грумери се предатори кои најпрвин воспоставуваат доверба, преку добрина и разбирање, а понатаму целта им е злоупотреба и експлоатација. Грумери-те најчесто се возрасни лица.[3]

Посебен вид 0нлјан (сајбер) насилство е родово базираното сајбер насилство извршено со злоупотреба на технологијата. Овој вид дигитално насилство најчесто се врши против родот на личноста . Во најголем број случаи е насочено кон девојките и жените, но може да биде насочено и кон момчиња и мажи кои отстапуваат од традиционалните и стереотипно воспоставените улоги вкоренети во општеството. Истражувањата покажуваат дека возраста исто така е фактор на ризик за онлајн-родово базирано насилство, при што адолесцентките и младите жени се особено ранливи на вербално вознемирување и на сексуално вознемирување.

## 1.2. РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА ОНЛАЈН-ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО (САЈБЕР-БУЛИНГОТ)

Улогата на родот е еден од предизвиците, како за традиционалното врсничко насилство (булинг), така и за онлајн-врсничкото насилство (сајбер-булингот). Одредени студии укажуваат дека момчињата генерално се повеќе изложени на традиционален булинг и дека е поголема веројатноста тие почесто да бидат сторители на онлајн-вознемирување. Од друга страна пак, девојчињата имаат поголема веројатност да бидат жртви на онлајн-врсничко насилство. Родовата разлика во виктимизацијата често се објаснува со фактот дека девојчињата можат побрзо да ги идентификуваат коментарите на интернет како примери на онлајн-врсничко насилство, додека момчињата почесто гледаат на коментарите и на другите форми на онлајн врсничко насилство како на „шеги."

Феминистичките истражувачки го потенцираат фактот дека технологијата е родово пристрасна и родово поделена. Ова се однесува не само во поглед на користењето на технологијата, туку и во поглед на дигиталната писменост и дигиталното знаење. Затоа се смета дека девојчињата имаат послаби дигитални вештини и дигитална писменост. Ова се потврдува и преку другите варијабли кои се вкрстуваат со родот, како што се средината на живеење (урбано/рурално место), етничката припадност, религијата, возраста и сл. што укажува дека сајбер-булингот треба да се разгледува и интерсекциски. Со тек на времето настануваат промени и девојките почнуваат да стануваат се‘ позастапени во дигиталната технологија, но сè уште на глобално ниво дигиталната технологија е област каде мажите имаат поголемо присуство.[4]

Друго објаснување за родовата разлика во виктимизацијата е фактот дека девојчињата почесто се привлечени од социјалните мрежи и страници со цел запознавање нови личности и на тој начин се изложени на поголем ризик да станат жртви на онлајн-(сај-

3 The 10 Types of Cyberbullying, 2023 достапно на ***https://blog.securly.com/10/04/2023/the-10-types-of-cyberbullying/***

4 Agadzhanova I., International Women's day-The role of Gender in Cyber bullying involvement, 2022 достапно на ***https://www.kidactions.eu/2022/03/08/international-womens-day/***

бер) насилство. Момчињата пак, почесто се активни на страниците кои се наменети за играње игри. Истражувањето од 2018 год. посочува дека онлајн-платформите на кои девојчињата и момчињата се под ризик да станат жртви на онлајн-врсничко насилство се различни. За девојчињата најчесто идентификувани социјални платформи на кои се под ризик да станат жртви се Facebook, Instagram и Snapchat, а најчести платформи каде момчињата се под ризик да бидат жртви се Youtube, Xbox, PlayStation. Исто така и во однос на формите на онлајн-врсничкото насилство постои родова разлика. Така девојчињата многу почесто од момчињата се жртви на ширење лажни информации, измислици и озборување.[5]

Причината за родовите разлики во вклучувањето во онлајн-врсничкото насилство лежи во родовите улоги и социјализацијата на родовите улоги. Сè уште преовладува традиционалната поделба на родовите улоги и истите се реплицираат во онлајн-просторот. Насилните културни обрасци на однесување во физичкиот простор се пресликуваат во онлајн-просторот. Социјализацијата на родовите улоги придонесува за креирање разлика во нивото на емпатија кај момчињата и девојчињата. Девојчињата имаат поголема емпатија и имаат поголема тенденција да ги поддржат своите врсници ако доживеат некаков вид вознемирување. Исто така девојчињата многу почесто го пријавуваат доживеаното сајбер насилство. Притисокот од социокултурните норми и влијанија, како што е идеалот за машкоста како за јаки, храбри и самоуверени личности, создава инхибиции за пријавување кај момчињата.[6]

Во истражувањето „Дигиталните животи на децата за време на КОВИД-19“, спроведено од Европската комисија, биле анкетирани над 6.000 деца на возраст од 10 до 18 години во 11 земји од Европа. Речиси половина од децата кои учествувале во истражувањето изјавиле дека биле жртви на онлајн-врсничко насилство. Една четвртина од децата кои биле испитувани изјавиле дека се соочиле со сите четири форми на онлајн-врсничко насилство, односно изјавиле: (1)„Ми беа испратени непријатни или навредливи пораки,” (2) „Гнасни или навредливи пораки за мене се пренесуваа или се објавуваа онаму каде што другите можеа да ги видат“, (3) „Бев изоставен/а или исклучен/а од група или активност на интернет“ и (4) „Ми се закануваа на интернет.“[7] Во САД, во 2022 год. според Истражувачкиот центар за онлајн-врсничко насилство, кога станува збор за добивање експлицитни слики што не ги побарале, 29% од тинејџерките изјавиле дека доживеале ваков тип навредливо однесување, додека пак 20% од момчињата го доживеале истото.[8]

Онлајн-врсничкото насилство влијае на менталното здравје на младите и предизвикува анксиозност, главоболки, депресија, изолација, проблеми со учењето, доведува до употреба на несоодветни супстанции и до самоубиствени мисли. Одделни случаи, за жал, завршуваат и со самоубиство. Познат е случајот со Никол „Коко" Фокс, млада девојка од Ирска, која си го одзела животот во 2018 година, откако три години била физички и онлајн-малтретирана.[9]

Во регионов познат е случајот со младата јутјуберка Кристина Кика Ѓукиќ, од Србија, која, во 2015 год. започнала свој канал на YouTube. По долгогодишно онлајн-вознемирување извршила самоубиство, а вознемирувањето продолжило и по нејзината смрт.

---

5 Gustafsson, E. Gender differences in cyberbullying victimization among adolescents in Europe. A systematic review. Malmö University: Faculty of health and society, Department of criminology, 2017 достапно на *http://www.diva-portal.org/smash/get/diva2:1487555/FULLTEXT01.pdf*

6 Foody M., McGuire L., Kuldas S., O'Higgins N. Friendship Quality and Gender Differences in Association With Cyberbullying involvement and Psychological Well-Being, 2019, достапно *https://www.researchgate.net/publication/334415992_Friendship_Quality_and_Gender_Differences_in_Association_With_Cyberbullying_Involvement_and_Psychological_Well-Being*

7 Cyber Rights Organization, Chen X. Childhood in danger: almost half of children have become victims of cyberbullying достапно *https://cyberights.org/childhood-in-danger-almost-half-of-children-have-become-victims-of-cyberbullying/*

8 Why cyberbullying affects girls more than boys, 2022 достпано на *https://www.gaggle.net/blog/speaks/why-cyberbullying-affects-girls-more-than-boys*

9 *https://www.thesun.ie/news/10628348/nicole-fox-legacy-cocos-law-intimate-images-shared/*

Експертите во Србија сметаат дека трагедијата на Кристина открила нов вид врсничко насилство на социјалните мрежи, познат како „некробулинг“.[10]

Девојчињата- кои се жртви доживуваат повисоки стапки на депресија дури и од релативно ретко онлајн-малтретирање. Исто така, за разлика од момчињата, кај кои ефектите врз менталната состојба траат покусо време, кај девојчињата овие последици може да траат прилично подолго откако ќе престане онлајн-врсничкото насилство.[11]

Кога станува збор за Република Северна Македонија, според податоците на Државниот завод за статистика, во првото тримесечје од 2023 година, 88.0 % од домаќинствата имале пристап до интернет од дома. Кај 87.4% од лицата на возраст од 15 до 24 год. го користеле интернетот за учество на социјалните мрежи (Facebook, Twitter и сл.), а 86.5% користеле инстант пораки преку Skype, Messenger, WhatsApp, Viber, додека 84.8% од младите на таа возраст користеле телефонирање преку Skype, Facetime.[12]

Претходни истражувања на ИЧП покажуваат дека, кога станува збор за онлајн-врсничкото насилство, 16.1% од учениците сметаат дека 71-100% биле жртви на булинг на социјалните мрежи. Споредено по род, девојчињата во поголема мера сметаат дека булингот е застапен на социјалните мрежи. Изразено во проценти 21.3% од девојчињата сметаат дека 71-100% од учениците биле жртви на онлајн-врсничко насилство, додека кај момчињата тој процент е 9.5%. Кога се работи за онлајн-врсничко насилство, 2.8% од учениците навеле дека биле жртви на креирање лажен профил на социјалните мрежи, а ист процент биле жртви на ширење гласини за нив, додека 0.7% навеле дека биле жртви на сексуално вознемирување, од кои 100% се девојчиња, што укажува дека родовата димензија има важна улога.[13]

Особено загрижувачки е фактот дека голем дел од момчињата во državава, но исто и девојките, го следат Ендрју Тејт (Andrew Tate), кој стана популарен во изминативе неколку години со своите контроверзни изјави и потези, и кој пред сѐ е познат по своите мизогинистички и сексистички ставови кон жените и по промовирање на зачувувањето на „машкоста" и градењето силен „мачо" имиџ.

Во Република Северна Македонија веќе се познати случаите „Јавна соба," „Јавна соба 2," и „Ромска, „Јавна соба" каде што фотографии на млади девојки и млади жени, дел од нив малолетни, беа споделувани во групи на социјалната мрежа Телеграм. Покрај експлицитни фотографии, се споделуваа и видеоснимки и лични податоци. Групите броеле од 7000-10.000 членови, исклучиво машки. Овие случаи претставуваат типичен пример на родово базирано насилство извршено со злоупотреба на технологијата. Во периодот од 2019 до 2020 год. три малолетни девојчиња биле демнети на Facebook, а потоа станале жртви на сајбер демначот кој повеќепати ги силувал.. Ова е само уште еден показател како дел од формите на онлајн-(сајбер) насилството, како што е сајбер демнењето, се прелеваат во физичкиот простор со многу далекусежни последици.[14] Пред неколку години тиктокерката, позната како „*синоокатаа*“, била жртва на онлајн-врсничко насилство. Меѓу оние кои ја вознемирувале, најголем дел биле деца, но имало и возрасни лица. Негативните коментари влијаеле врз нејзиното здравје и еден период се повлекла од TikTok. По пауза од 6 месеци повторно се вра-

10 *https://skopje1.mk/archives/152284*

11 Maurya C, Muhammad T, Dhillon P, Maurya P. The effects of cyberbullying victimization on depression and suicidal ideation among adolescents and young adults: 2022 достапно на *https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC9461154/*

12 Користење на информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединците, 2023 *https://www.stat.gov.mk/pdf/2023/8.1.23.32_mk.pdf*

13 Анализа од спроведена анкета помеѓу учениците и наставниците од средните училишта во град Скопје на тема „Дискриминација, булинг и говор на омраза“, 2022 достапна на *https://ihr.org.mk/en/publikaciihttps://ihr.org.mk/en/publikacii*

14 Делевска С.„ Демнел и уценувал на Фејсбук“, 2020 достапно на *https://sdk.mk/index.php/makedonija/demnel-i-utsenuval-na-fejsbuk-a-potoa-siluval-tri-devojchina-demneneto-prvpat-vleguva-vo-dva-zakona-so-kazna-do-5-godini-zatvor/*

тила во онлајн-просторот, порачувајќи им на сајбер насилниците „да не го прават тоа што не сакаат ним да им биде направено."[15]

Неодамна група ученици од основно училиште во Кавадарци презеле приватни фотографии од нивните соученички, истите ги злоупотребиле на тој начин што на нив монтирале недолични содржини кои понатаму ги споделувале во приватни групи. Цел на овие дејства им била да се потсмеваат со соученичките и да му нанесат штета на нивниот углед.

15 *https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%B0%D1%98%D0%B1%D0%B5%D1%80-%D0%B1%D1%83%D0%BB%D0%B8%D0%BD%D0%B3%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D0%B8%D0%BA-%D1%82%D0%BE%D0%BA-/31685519.html*

# 2. ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА ВО ЕУ

Не постојат унифицирани стандарди кои конкретно го таргетираат онлајн-врсничкото насилство на меѓународно ниво. Член 19 од Конвенцијата на ОН за правата на детето за заштита од сите форми на насилство е применлив и за малтретирањето преку интернет. Член 34 од Конвенцијата се однесува на заштита на детето од сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба, додека член 35 и член 36 предвидуваат обврска за преземање на сите национални, билатерални и мултинационални мерки за спречување подведување, продажба или трговија со деца. Факултативниот Протокол кон Конвенцијата се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија и ги повикува државите на усвојување и ефективно спроведување на националното законодавство. Советот на Европа усвои низа законски обврзувачки мерки, релевантни за онлајн-вознемирување, како што се: Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, Конвенцијата за компјутерски криминал, Стратегијата на Советот за правата на детето (2022-2027)- која предвидува пристап до и безбедно користење на технологијата за сите деца, заштита на децата од онлајн- насилство, онлајн-(сајбер) сексизам и врсничко насилство.

ЕУ усвои специфични правни инструменти насочени кон сајбер вознемирувањето, како што се Директивата за правата на жртвите и Директивата за борба против сексуалната злоупотреба на децата. Конвенцијата за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, позната уште како Ланзароте конвенција, бара од земјите–членки да ги криминализираат делата на поттикнување деца за сексуални цели преку комуникациски технологии. Комитетот на Конвенцијата ги повикува државите да размислат за проширување на криминализацијата, кога се работи за дела извршени онлајн.

На национално ниво повеќето од владите на земјите-членки на ЕУ неодамна развија акциски планови за борба против онлајн-врсничкото насилство кои вклучуваат линии за помош, подигање на свеста, организирање кампањи и препораки како во училиштата да биде вклучено онлајн-врсничкото насилство во нивните политики и внатрешни процедури.[16] Но, во отсуство на конкретно кривично дело за онлајн-врсничкото насилство, сите земји-членки се справуваат со онлајн-врсничкото насилство во правната рамка од други прекршоци, во широк опсег области, како што се: насилството, антидискриминацијата и компјутерски поврзаните кривични дела.

## 2.1. ПРАВНА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Опсежна е националната рамка за заштита на децата од насилство.. Дел од законите од областа на образованието вклучуваат одредби за регулирање на врсничкото насилство (булинг), други пак се однесуваат на регулирањето на превенцијата на децата од секаков вид насилство. Законот за правда на децата опфаќа заштита на децата од криминал, насилство и кој било друг облик на загрозување на нивните слободи и права, а Законот за заштита на децата забранува секаков облик на дискриминација, психичко и физичко насилство и малтретирање (чл.12). Законот за основно образование предвидува училиштата да подготват Развојна програма за работа, во чија основа би било промовирањето на добросостојбата на ученикот, заштитата од насилство,

16 Dalla P., Di Pietro A., Morel S., Psaila E. Cyber bulling among young people, 2016 EU, Directorate General for Internal Policies Policy department Citizen rights and constitutional affairs, достапно на *https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2016/571367/IPOL_STU(2016)571367_EN.pdf*

како и спречувањето на дискриминацијата (чл.49) Во член 66 од Законот за основно образование директно се регулира спречувањето насилство врз учениците. Законот за средно образование предвидува педагошки мерки кон учениците во случај на повреда на должности и обврски. Врсничкото насилство се смета за повреда на должностите и обврските и може да биде причина за отстранување од училиште, зависно од обликот на насилство.[17] Исто така изработена е и Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план за превенција и заштита на децата од насилство, во која врсничкото насилство-булинг е соодветно дефинирано.

Во Кривичниот Законик, во дефиницијата за насилство врз дете, опфатена е дефиницијата за насилство преку интернет, врсничко насилство и демнење и следење дете (чл.122,ст.41). Исто така член 144,ст.5 гласи „ Тој што јавно, или по пат на информатички систем, ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години, или потешка казна против некое лице поради неговата припадност на одредена раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа предвидена со закон или меѓународен договор, ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.." Член 394(г) го криминализира „ширењето расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем“, додека пак чл. 193-а го регулира производството и дистрибуцијата на детска порнографија. Дополнително, законодавцеот го квалификува делото од овој член, доколку е сторено преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација, па сторителот ќе се казни со затвор од најмалку осум години. [18]

Кога станува збор за родово базираното насилство, Република Северна Македонија ја ратификуваше Истанбулската конвенција во 2018 год и во согласност со Акцискиот план, во 2021 година, беше донесен нов Закон за заштита и спречување од насилство врз жените и семејно насилство.[19] Во 2023 год. се инкриминираа сајбер- демнењето и сајбер- сексуалното вознемирување.

Родово базираниот говор на омраза е препознаен кај Законот за спречување и заштита од дискриминација[20] како и кај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Загрозувањето на безбедноста или испраќањето закани преку информатичка технологија и дигитални уреди може да се пријави во Одделението за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР, кое е единственото што има пристап до механизмите за собирање докази во онлајн-просторот.

17 Георгиевска С. Прирачник за справување со кибернасилство, 2022 достапно на ***https://mladieu.mk/wp-content/uploads/2022/10/Priracnik-za-spravuvanje-so-kiber-nasilstvo-mk.pdf***

18 Кривичен законик,Службен весник на Република Македонија број 37/96

19 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Службен весник на РСМ број 24/21;

20 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258,2020.

# 3. НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ОНЛАЈН-ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО (САЈБЕР-БУЛИНГ) ОД РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА

Како што веќе е споменато во делот Методологија, дел од методолошкиот пристап вклучуваше систематско набљудување и следење на објавите на социјалните медиуми во периодот од 1 јануари до 20 февруари 2024 година. При тоа се следеа наративите на објавите и поткастите на јавните профили и страници на влијателни инфлуенсери и јутјубери, како и тематските дискусии на форуми на неколку онлајн-медиуми за кои беше утврдено дека се предмет на интерес кај младите. Исто така и групи за комуникација на одредени платформи, како на пример *платформата Редит*, каде записите се организирани по области на интерес. Се следеа и одредени страници/профили на TikTok, Instagram, Youtube и Facebook.

Се мониторираа и поголем број инфлуенсери, меѓутоа прикажани се само оние кај кои се забележани објави кои се од интерес за анализата, односно каде беа забележани негативни вознемирувачки коментари, коментари кои исмејуваат, деградираат одредно лице/лица и кои можат да поттикнат говор на омраза. Така, на профилот на Стефан Лазаров -еден од најпознатите јутјубери кој има над 114.000 преплатници, и покрај тоа што под самите објави/видеа се истакнати правилата дека не се поддржува говор на омраза, пцовки, расизам и слично, сепак има коментари кои упатуваат и/или може да иницираат говор на омраза, како и недолични коментари, омаловажување на лицето кое гостува и сл. На пример при гостување на две пејачки, од кои едната била од помладата генерација македонски пејачки, а друга од повозрасната генерација, се забележуваат сексистички и мизогинистички коментари кои се однесуваат на изгледот, облеката, како и на однесувањето на пејачките. Во овие два случаи поголем дел од коментарите доаѓаат од млади машки лица кои го следат јутјуберот, но забележителен дел доаѓаат и од млади девојки. Девојките најчесто коментираат во контекст на изгледот, на пример „колку е одвратна за гледање и слушање," „колку е грда и антипатична," „лигава клошарка" и сл. Исто така, се забележуваат и коментари кои упатуваат на 'однесувањето' на пејачките, односно алудираат на тоа дека пејачките 'не се однесуваат соодветно' во емисијата.

Скриншотот објавен подолу јасно го прикажува тоа.



Во [вториов случај](#) пак, може да се види дека, наместо да дадат поддршка кога лицето зборува дека поминало низ случај на семејно насилство, дел од коментарите се во насока дека „не е светица“, односно дека самата таа е виновна за тоа што и‘ се случило. Ваквиот негативен образец на однесување може да ги обесхрабри другите кои минуваат низ исто или слично искуство, да побараат помош и поддршка, како и оние кои се жртви на сајбер-булинг да ги спречи да побараат помош. Овој феномен е присутен и при понатамошното набљудување на објавите на социјалните мрежи. Така, во неколку наврати се забележува дека жртвите се обвинуваат за сајбер-булингот и „дека не се доволно способни, јаки и силни да се спротивстават“ и дека „кога одбрале да бидат (по)познати и видливи на социјалните мрежи, треба да знаат како да се справат со негативниот притисок.“ Ваквите изјави често доаѓаат од заблудата дека луѓето, вклучително и младите луѓе, имаат моќ да избегнат да бидат повредени од другите.




Исто така и на профилот/страницата на [Ивона](#) може да се забележи дека девојките најчесто коментираат повторно во врска со физичкиот изглед, односно со тежината. Па така, често можат да се забележат навредливи коментари.




На профилот на Instagram на [Ана Стојанова](#), каде таа најчесто зборува и снима видеа поврзани со здрав живот, фитнес и здрав начин на исхрана, многу често се забележуваат сексистички коментари од машки следбеници од типот „ти не промовираш исхрана, ти промовираш ц...и, облечи се пристојно.“ Или пак коментари од типот: „мозокот, а не задникот“, односно дека девојките премногу акцент ставаат на физичкиот изглед, а го занемаруваат интелектот. Ова посочува дека сѐ уште преовладуваат стере-

отипите и предрасудите дека убавината и грижата за изгледот кај девојките не се во позитивна корелација со нивниот степен на интелегенција. На тој начин девојките се гледаат како еднодимензионална индивидуа, наместо како повеќеслојни индивидуи кои посветуваат внимание на повеќе сегменти.

Мизогинијата, омразата и предрасудите кон девојките/жените типично се присутни кај мажите. Општо е прифатено дека мизогинијата е последица на патријархатот, а терминот може да се примени на одредени поединци, како и на поголеми системи, општества или култури. Забележително е дека е присутен и погрден сексуализирачки јазик, критика на женскиот изглед - преку сексуална објектификација на девојките/жените, придавање одредени карактеристики, исмејување врз основа на изглед и облека, давање „совети“ за тоа како „пристојно“ треба да изгледаат на сликите, како соодветно да се облечат. Често пати се смета дека доколку истите се вознемирувани на кој било начин, тогаш тие се сметаат за одговорни за тоа. На тој начин во дигиталниот простор (не)намерно се репродуцираат родовите стереотипи и идеали за тоа како девојката/жената или момчето треба да изгледа и како соодветно да се однесува според културно (општествено) пропишаните родови улоги на однесување.

Многу често и момчињата кои се познати инфлуенсери (пр. *Александар Динев*) се цел на негативни, омаловажувачки и вознемирувачки коментари. Коментарите на нивните профили од млади машки лица најчесто се поврзани со заштитена (дискриминаторска) основа, како што е сексуалната ориентација. Истото се случува не само на нивните профили/страници на социјалните мрежи, туку и кога истите гостуваат кај други лица –јутјубери.

Следните скриншотови го отсликуваат тоа.




За време на гостувањето во ТВ Сител тој отворено зборува дека бил жртва на врсничко насилство и дека одреден период имал и суицидни мисли. На извадок од гостувањето, поставен на неговиот профил на Instagram, коментарите повторно одат во негативна насока, нарекувајќи го со погрдни зборови. Овде може да се забележи разлика во образците на однесување помеѓу девојките и момчињата. Во овој случај, додека девојките даваат поддршка и велат „стоп за булинг и врсничко насилство“ и застануваат во одбрана кога инфлуенсерот е нарекуван со погрдни имиња, момчињата продолжуваат со негативни коментари поврзани со неговата наводна сексуалната ориентација, различна од хетеросексуалната. Девојките покажуваат поголема емпатија кон лицето и влегуваат во онлајн-дискусија со оние кои го вршат вознемирувањето.




Во иста насока се и коментарите на платформата TikTok, на профилот на инфлуенсерот Стефан Крстевски (*Стеки (@steki_k)*), на последените видео-објави што ги има споделено. Коментарите од помладите машки следбеници воглавно се поврзани со сексуалната ориентација и најчесто се употребуваат погрдни зборови и имиња. Меѓутоа се забележуваат и закануvачки коментари од типот „пиштол за тебе.“ Девојките повторно покажуваат поголема емпатија, а инфлуенсерот одговара на дел од коментарите.

Постари истражувања во случаи на онлајн-врсничко насилство, велат дека е најдобро вознемирувачите да се игнорираат, блокираат, да не им се одговара на коментарите, со цел да не се поттикнуваат понатаму да реплицираат. Но, понови истражувања велат дека стратегијата „не го хранете тролот" односно игнорирајте го вознемирувачот, не се добар пристап. Подобар пристап и повеќе ветувачка практика дека ќе се намалат негативните коментари е контраговорот, односно вклучувањето и организирањето поддршка од страна на истомисленици и поддржувачи од својата лична и/или професионална заедница, кои јавно би пишувале пораки за поддршка. Исто така и јавното прикажување на оние кои споделуваат погрдни коментари и коментари кои можат да иницираат говор на омраза.

Врз основа на овие и на претходните примери може да се забележи и дека од момчињата-инфлуенсери најчесто се коментира врз основа на претпоставена сексуална ориентација, односно врз дискриминаторска основа и тоа доминантно од страна на машки следбеници. Додека пак, кај девојките и жените-инфлуенсерки најчесто се коментира врз основа на физички изглед и тоа претежно со сексистички и мизогинистички коментари, кои речиси подеднакво доаѓаат и од машки и од женски следбеници. Може да се заклучи дека поголем дел од машките следбеници, кои воглавно се служат со негативен наратив кој може да предизвика говор на омраза и вознемирување, главно се кријат зад профил кој е означен со кратенки или зборови и/или пак зад лажни профили кои не можат да упатат на нивниот вистински идентитет. Ова секако укажува дека анононимноста е клучен охрабрувачки фактор во онлајн-вознемирувањето.

Последните два случаја покажуваат дека и момчињата можат да бидат жртви на одредени видови онлајн-врсничко насилство, пред сѐ момчиња кои отстапуваат од нормите на хетеронормативност и од културно и социјално вкоренети непишани правила за женственост и мажественост. Така, се забележува дека има реакции кај момчињата кои изгледаат, се облекуваат и изразуваат на поженствен начин, како и кај оние за кои преку нивниот визуелен идентитет се претпоставува дека имаат поинаква сексуална ориентација од хетеросексуалната. Хегемонистичката машкост, која вклучува супериорност во однос на сите форми на женственост и ги нагласува авторитетот, моќта, и доминацијата над жените, како главни карактеристики, ги засилува формите на врсничко насилство и вознемирување и над сите оние момчиња и мажи кои навидум ги немаат овие карактеристики.

Покрај тоа што објавите и наративот се разгледуваа квалитативно, од родов аспект, исто така се разгледуваа и квантитативно, од аспект на добиени лајкови/кликови. Како илустрација, коментари од типот „одвратна и одбивна за гледање и слушање, лигава, клошарка“ при гостување на инфлуенсерка и пејачка од помладата генерација кај познат јутјубер, добија нешто над 300 лајкови/кликови.

Профилот, односно страницата на „Патриотско друштво“, е застапена на Facebook, Instagram, YouTube. На YouTube профилот има околу 6000 претплатници, околу 34000 следбеници на Instagram и 10000 следбеници на Facebook. Како што покажува и името на профилот, на страницата и на видеата главно се споделуваат содржини поврзани со патриотизмот, односно се изразува поддржувачки став кон татковината, народот, нацијата, ценење на своето и чести се тесно поврзани ставови со национализмот. На профилот често пати се продаваат и дуксери-фантомки, маички и друго, на кои има слогани како „Слобода или Смрт!“, но исто така е видливо дека се спроведуваат и хуманитарни акции за поддршка на поединци, фудбалски клубови, црковно народни кујни.... Меѓу последните објави на YouTube е видеото во кое се разговара за ЛГБТ заедницата и „модерниот“ феминизам, каде под видеото се забележуваат голем број коментари меѓу кои и дека „вокабуларот на лицата поканети во дискусијата треба да се цензурира,“ но и многу негативни коментари кон единственото девојче кое дискутира во поткастот и кое во текот на дискусијата покажува полиберални ставови во однос на ЛГБТ заедницата и феминизмот. Така, дел од коментарите се во насока „што тресе девојкава, оваа нема 2 грама логика во себе, многу гадно, на девојчето колку и е испран мозокот, толку не е тешка, или девојката под итно на лечење.“ Коментарите покажуваат колку некое гледиште, кое во целост не се поклопува со гледиштето на другите гости, но и на следбениците на социјалните мрежи, може да придонесе кон недостиг на почит на соговорникот, но и кон онлајн-родово базиран говор на омраза кој опфаќа навредлив дискурс, користење на пејоративен јазик и деградирачки коментари. Но, сепак, заслужува да се напомене и тоа дека мал дел од гледачите на поткастот кај машките гости го препознале и влијанието на „шовинизмот и пропагандата на Ендру Тејт", за кого претходно веќе споменавме дека е доста следен и од момчиња и од девојките, и кој е познат по ширењето мизогинија на социјалните мрежи и засилување на негативниот феномен на токсична машкост.[21]

Кога станува збор за наративот на тематските дискусии на форумите, може да се забележи дека таму „послободно“ се коментира, како и многу поопсежно, поради темите што се покриваат, но и поради поголемата анонимност која форумите ја нудат. На форумите лицата најчесто користат други имиња и зборови/или кратенки кои не се поврзани со вистинскиот идентитет. Форумите имаат свои правила и препораки за однесување. Модераторите имаат одговорност за средување и одржување на форумот, но, исто така, истакнато е и дека одговорност имаат и членовите. Меѓу препораките за однесување се забележува дека се сугерира да се биде љубезен и кога не се споделува истото мислење со некого, да не се навредува, да не се користат лични напади, да се размисли пред да се одговори. Постои и опција за пријавување навредливи и заканувачки мислења. На пример, на тематските форуми на ***Фемина***, на теми како што се „Да се запознаеме“ „Совети од машка страна“ и „Совети од машка страна за сите девојки“ честопати можат да се забележат и момчиња кои коментираат, но карактеристично е дека одредени членови во форумот сметаат дека има „доста навреди, дека има насочени и здружени напади кон одредени членови, но дека истите не се бришат и не се добиваат опомени, како и дека дел од машките, кои се зачленуваат, се зачленуваат со одредена цел.“ На форумот на ***Кајгана***, исто така, во подфорумите на одредени теми, се забележуваат навреди и омаловажувања со сексуална конотација, и покрај тоа што и таму има правила кои треба да се почитуваат. Ова посочува дека е потребно поредовно следење на комуникацијата на форумите и навремено реагирање од модераторите и од администраторите.

---

21 *https://www.youtube.com/watch?v=kIR_wQEA_hM&t=1831s*




*Платформата „Редит“* претставува збирка од записи создадени од регистрирани корисници во вид на систем на огласна табла. Записите се организирани по области/теми на интерес кои се наречени ‘подредити‘. Така, на поттемата која се однесува на неодамнешниот случај на сајбер-вознемирување на ученички од нивни соученици ,преку примена на „доксинг" (ширење доверливи информации, во овој случај фотографии на личности без нивна дозвола и нивно споделување во групи и пораки), може да се забележи дека млади машки лица коментират дека „не се децата криви/виновни туку мајките им се криви/виновни, мајките се за ...“ па се до размислувања и коментари дека „сликите на личните профили на социјалните мрежи се јавни и дека секој има право да ја преземе сликата.“ Односно,тука има оправдувачки и поддржувачки коментари за оние кои ги споделиле фотографиите и кои монтирале. Се забележуваат и поголем број дискусии поврзани со онлајн-врсничкото насилство, каде повторно се обвинуваат лицата-жртви, велејќи дека не биле доволно „способни“ да се изборат со онлајн-притисокот, односно коментарите се одраз на менталитетот дека девојките пред сè се „слаби“ и затоа не можат да се изборат со анонимни лица кои онлајн ги напаѓаат.

## 3.1. НАОДИ ОД ФОКУС - ГРУПИТЕ

Наодите од фокус-групите кои се содржеа од ученици од средни училишта, сите девојчиња, потврдуваат дека онлајн-врсничкото насилство е повеќе застапено во пораки, односно во месенџер и слични апликации кои овозможуваат директна комуникација помеѓу вознемирувачот (сторителот на онлајн- врсничкото насилство) и вознемируваното лице. Можноста за полесно и поедноставно групирање на учениците во сајбер-просторот, отколку во физичкиот простор, исто така е фактор кој придонесува за социјална исклученост на одредени ученици кои намерно остануваат изолирани од групата. Беше наведено и дека онлајн-врсничкото насилство го има повеќе во гејминг-просторот/просторот за играње, што им оди во прилог на претходните истражувања, но и на наодите добиени од анкетата. Според изјавите на ученичките, како мрежи во кои најмногу е застапено онлајн-врсничкото насилство се TikTok и Instagram, а тоа повторно се поклопува со резултатите од анкетата, но и со систематското набљудување на наративите на социјалните мрежи каде TikTok исто така се покажа како социјална мрежа која доминира со распростанетост на онлајн-врсничкото насилство.

Меѓу формите на сајбер-булинг кои најчесто се среќаваат беа посочени„маскирањето", односно создавањето лажен профил на социјалните мрежи, понатаму споделувањето лажни, монтирани слики, како и озборувањето, клеветите, односно тнр. „дисинг“ каде се вклучени измислени информации за лицата, а многу често и коментари поврзани со физичкиот изглед, со цел исмејување, омаловажување, како и деградирање на лицата што се предмет на вознемирувањето. Често пати ова вклучува и

вознемирување засновано на заштитена карактеристика, односно најчесто на претпоставена сексуална ориентација. Овие наоди исто така соодветствуваат со претходни истражувања, но и со наодите од мониторирањето на социјалните мрежи од кои се заклучи дека исмејувањето, омаловажувањето, вознемирувањето на основа на заштитена карактеристика и споделувањето лажни монтирани фотографии се најчеста форма на сајбер-булинг.

На прашањето „каков е профилот на онлајн-(сајбер) насилникот?“, одговорите се во насока дека најчесто тоа се деца кои се несигурни во себе и кои сакаат да се прикажат како моќни, доминантни, да привлечат внимание и да бидат популарни. Но, од друга страна тука има и деца кои имаат нарушени семејни односи, како и лица кои не прифаќаат различност, не прифаќаат некого кој отскокнува од средината и кои не се во согласност со општествено наметнатиот стандард. При мониторирањето на социјалните мрежи беше видливо дека голем дел од лицата коментираат со погрдни, деградирачки зборови и често ги упатуваат кон лица кои се различни и кои по својот автентичен, личен изглед и стил, начин на вербално изразување се издвојуваат од средината/од стандардот. Од ова може да се изведе заклучок дека како жртви на сајбер-булинг се лицата кои отскокнуваат од средината и од културно-пропишаниот стандард на однесување и изглед. Но, исто така беше посочено дека тука спаѓаат и ученици кои имаат понизок степен на самодоверба и имаат пониски вештини за социјализација. И тие се се‘ почесто жртви на онлајн-врсничко насилство. Ова всушност се надоврзува на претходните истражувања, кои беа направени во глобални рамки, во кои се истакнуваше дека социјалните вештини, комуникацијата, приврзаноста со врсниците исто така влијаат на вознемирувањето.

Главните причини поради кои момчињата вршат онлајн-врсничко насилство се разликуваат од причините поради кои девојчињата вршат сајбер-булинг. Така момчињата најчесто го вршат онлајн- врсничко насилство поради желбата за доминација, поради моќ , но и да бидат интересни. Треба да се забележи и дека однесувањето во сајбер-просторот често е и отсликување на семејните односи. Многу е често вознемирувачите да се членови на семејства во кои има нарушени семејни односи и каде таткото е вршител на насилство. Во вакви случаи машките деца го преземаат овој образец на однесување во сајбер просторот. Девојчињата пак најчесто вршат онлајн-врсничко насилство од љубомора кон својата врсничка, додека момчињата се тие кои испраќаат коментари со цел да навредат. Коментарите од момчињата се многу повулгарни и сексистички. Девојките праќаат/пишуваат коментари кои се повеќе поврзани со тежината или со изгледот

Генерално, сето ова се потврдува и преку мониторирањето на социјалните мрежи. Момчињата препраќаат фотографии кои претходно им биле пратени само ним, како доверливи, но ја искористуваат довербата и ги препраќаат на други со цел да ги исмејуваат оние кои им ги пратиле. Кај наодите од анкетата исто така беа потврдени различните мотиви и причини за вршење онлајн-врсничко насилство од момчињата и девојчињата.

Во фокус-групите беше посочено дека девојчињата имаат поголема емпатија, што всушност кореспондира со наодите од набљудувањето на социјалните мрежи во кое девојките многу почесто застануваа во одбрана на лицето кон кое биле упатени вознемирувачки коментари. Девојчињата, според испитаничките од фокус-групите, почесто бараат помош доколку се жртви на онлајн-врсничко насилство, за разлика од момчињата кои помалку би се обратиле за помош. Ова се поврзува со социокултурните очекувања според кои од момчињата се бара да бидат повеќе самоуверени и да покажат поголема способност за самонадминување и самосправување со вознемирувањето.

Во однос на родовите разлики во формите на онлајн-врсничко насилство од кои се погодени момчињата и девојчињата и претходни истражувања во глобални рамки, но и мониторирањето на социјалните мрежи посочуваат дека девојките почесто се из-

ложени на опасност од добивање на слики во порака или монтирање на нивни фотографии и препраќање во групи со цел да бидат исмејувани. Исто така девојчињата се почесто исмевани заради физички изглед. Момчињата најчесто се исмеваат ако се поавтентични, доколку се поповлечени, и ако повеќе се во друштво со девојки и во тој случај често се смета дека имаат поинаква сексуална ориентација.

Во однос на последиците од онлајн-врсничкото насилство испитаничките во фокус-групите посочија дека девојчињата имаат поголеми психички последици, посебно доколку се работи за форми на онлајн-врсничко насилство како што се лажни монтирани разголени фотографии. Ниската самодоверба, депресијата, изолираноста, промената на средината на живеење и школување беа посочени како последици од сајбер-булингот. За момчињата беше потенцирано дека имаат тенденција повеќе да се изолираат. Често пати за момчињата кои се жртви на онлајн-врсничко насилство - како што впрочем и се потврди и при мониторирањето на социјалните мрежи, се смета дека имаат поинаква сексуална ориентација од хетеросексуалната. Меѓутоа, имаше и констатација дека надминувањето на онлајн-врсничкото насилство е индивидуално и зависи од степенот на самодоверба на лицата, од чувствителноста, како и од поддршката која ја имаат од дома и во средината.

На прашањето „како може да се спречи или да се намали сајбер-вознемирувањетои кој треба да се вклучи во решавањето на проблемот?“, испитаничките потенцираа дека е потребно да се работи на врсничка едукација, со конкретни примери и со студии на случај, со редовна и подобра едукација на наставниците за проблематиката, како и со работа со родителите - за да можат навреме да ги препознаат знаците на онлајн-врсничкото насилство кај своите деца. Понатаму, потребно е да се вклучат вршителите на сајбер-насилство во едукативните програми, да се разговара со нив преку медијатор, да се намали стигмата и срамот од пријавување кај психолог. Психолозите поактивно да се вклучат во превентивните програми и да се зголемат нивните капацитети. Беше напомнато и дека е потребно да се воведат казнени мерки за вршителите на врсничкото насилство, да им се даде поддршка на жртвите и да се покаже поголема емпатија кон вознемируваните, посебно од момчињата.

Во однос на влијанието на инфлуенсерите беше посочено дека и тие многу често се жртви на онлајн- врсничко насилство, што впрочем се покажа и при набљудувањето на социјалните мрежи. Тие можат да придонесат во креирањето емисии/поткасти за превенирање на булингот. Исто така беше укажано и дека истите влијаат во креирањето модели на токсична машкост, коешто повторно се поклопува со наодите од мониторирањето на социјалните медиуми, како и дека промовираат недостижен модел на убавина. Јутјуберите можат да поттикнат врсничко насилство и да станат негативен модел на однесување, посебно за учениците од основните училишта кои многу повеќе ги следат. Ова е секако многу позагрижувачки податок, што укажува на потребата од едукација и во основните училишта. Според испитаниците, инфлуенсерите и јутјуберите сепак немаат големо влијание кај средношколците.

# 4. НАОДИ ОД АНКЕТАТА

Анкетата беше спроведена на примерок од 1.017 ученици од 3-та и 4-та година средно образование, од кои 55.1% (560) беа девојчиња, а 43.3% (440) беа момчиња и 1.7% (17) не дале одговор. Беа опфатени 18 училишта од сите 8 плански региони, при тоа вклучувајќи училишта од урбани и рурални средини.

Во однос на прашањето за времето кое го поминуваат на социјалните мрежи, учениците навеле дека на социјалните мрежи, во просек, поминуваат 4.33 часови дневно.. Девојчињата поминуваат повеќе време од момчињата на социјалните мрежи, односно 4.75 часови дневно, додека просекот за момчињата е 3.84. Во просек девојчињата поминуваат околу 1 час дневно повеќе на социјални мрежи од момчињата. Кога станува збор за користењето на социјалните мрежи, учениците најмногу ја користат социјалната мрежа Instagram, која исто така беше потенцирана како најкористена и при дискусиите во фокус-групите. Втора најкористена е Tik Tok, и трета е You Tube.

Споредено по род, разликите во однос на користењето на социјалните мрежи не се големи, но сепак се значајни. Така на пример, You Tube одговорија дека го користат 3.49% од момчињата, наспроти 3.15% од девојчињата. Кај Facebook разликата е 2.21% -момчиња и 2.05% девојчиња. Кај користењето на Tik Tok разликата е малку поголема, така што 3.27% од момчињата одговориле дека најчесто го користат, додека пак кај девојчињата тој процент е 3.90%. Instagram речиси подеднакво го користат и девојчињата и момчињата.

Кога станува збор за начинот на кој ги користат социјалните мрежи, учениците одговориле дека најмногу ги користат социјалните мрежи за комуницирање. Потоа следеше слушањето музика (4.23%) и гледањето видеа (3.95%). Младите релативно помалку објавуваат статуси, слики и видеа (2.39%) и уште помалку коментираат и споделуваат објави (2.07%). Сепак, има родови разлики во начинот на користење на социјалните мрежи. Така, девојчињата се поактивни на социјалните мрежи од момчињата-во однос на објавување со 2.65%, во споредба со момчињата, со 2.05%. Воедно девојчињата повеќе коментираат и споделуваат (2.19%), во споредба со момчињата (1.92%), како и повеќе комуницираат (4.41%) од момчињата (4.06%). Единствената активност која момчињата (2.96%) повеќе ја практикуваат од девојчињата (2.06%) е играњето игри, што воедно е потврдено и преку фокус-групите. Девојчињата се повеќе наклонети кон објавување статуси и фотографии, коментирање и споделување, комуницирање, читање, следење новости и трендови од момчињата.

Во однос на прашањето „дали во изминатата година биле предмет на онлајн-врсничко насилство?“, околу 1/5 од учениците одговориле дека биле (8.8%) или можеби биле (не се сигурни) (10.6%) дека биле жртва на сајбер-булинг. Одговорите ‘можеби биле’ и или „дека не се сигурни дека биле предмет на сајбер-булинг“ се должат на класичната дефиниција која беше користена во истражувањето дека тоа е нешто што се случува помеѓу врсници и дека е нешто што се повторува и трае подолг временски период, а согласно новите тенденции и еволуцијата на дефиницијата, нема потреба делото да биде повторливо. Па така, високата бројка ученици кои одговориле дека не се сигурни дали им се случило онлајн-врсничкото насилство (10.6%) се толкува во контекст на класичната дефиниција.

Споредено по род, девојчињата биле во поголема мера предмет на онлајн-врсничко насилство во изминатиот период од момчињата, при што 11.7% од девојчињата одговориле потврдно, наспроти 5.0% од момчињата. Ова се надоврзува и на податокот дека девојчињата поминуваат повеќе време на социјалните мрежи, и тоа пред се‘ во комуницирање, споделување статуси, објави и фотографии... Времето поминато на социјалните мрежи е во позитивна корелација со изложеноста на некаков вид онлајн-врсничко насилство.

Кога станува збор за начинот на кој биле предмет на онлајн-врсничко насилство, испитаниците рекле дека булингот се состоел од озборување - 35.8%; додека 8.0% одговориле дека добиле несакани пораки; 5.9% дека биле предмет на сексуално вознемирување, 4.3% на игнорирање, 3.2% дека нивни фотографии биле објавувани без дозвола, и 3.2% дека биле предмет на онлајн-демнење. Девојчињата се многу попогодени од озборување (41.6%), во споредба со момчињата (25.4%), и почесто биле предмет на онлајн-демнење, во споредба со момчињата -4.0% наспроти 1.7%. Овие наоди се поклопуваат со наодите од фокус-групите, каде девојчињата исто така истакнале дека се попогодени од озборување и онлајн-демнење. Од друга страна, нешто поголем процент од момчињата (11.9%) одговориле дека добиваат несакани пораки во споредба со девојчињата (6.4%). Момчињата (6.8%) во поголема мера одговориле дека биле предмет на игнорирање/исклучување од групи на социјални мрежи, во споредба со девојчињата (3.2). И девојчињата и момчињата биле во приближно еднаква мера предмет на сексуално вознемирување: 5.6% наспроти 5.1%.

Во однос на прашањето „каде најчесто доживеале сајбер-булинг?“ најголем дел од одговорите се дека тоа се случува на социјалните мрежи (4.32%), потоа следат инстант - пораките (3.39%) и онлајн- форумите (2.54%). Во дискусиите во фокус-групите беше потенцирано дека онлајн-врсничкото насилство најмногу е застапено во пораки, односно во месенџер и во апликации кои овозможуваат директна комуникација. Имајќи предвид дека сите учесници во фокус-групите беа девојчиња, наодите се поклопуваат со подолу наведените од анкетата дека девојчињата се поподложни на онлајн- врсничко насилство преку инстант пораки, односно 3.63% од девојчињата одговориле дека се поподложни на онлајн-врсничко насилство преку инстант пораки, додека пак 3.09% од момчињата го одговориле истото. Општо, преку социјалните мрежи: 4.48% од девојчињата се попогодени од онлајн- врсничкото насилство од момчињата (4.11%). На прашањето „на која социјална мрежа се случува онлајн-врсничкото насилство?“ 41% од учениците сметаат дека се случува на Instagram, а потоа следи X со 25.2%, и на трето место е Tik Tok со 12.4% што соодветствува со времето поминато на секоја од овие мрежи.

На прашањето „кој е почесто жртва на онлајн-врсничко насилство?“ и девојчињата и момчињата одговориле дека тоа се девојчињата (44.9%). Во проценти 40.7% од младите сметаат дека и девојчињата и момчињата се подеднакво жртви на сајбер-булинг. Треба да се има предвид дека при давање на овие одговори испитаниците се водени од лична перцепција. Исто така, девојчињата се многу повеќе склони (56.9%) да се сметаат себе си за предмет на онлајн-врсничко насилство од момчињата (13.3%).

Исто така постојат и родови разлики во причините/мотивите поради кои момчињата и девојчињата вршат онлајн-врсничко насилство. Наодите овде се поклопуваат со наодите од фокус-групите. Така, момчињата најчесто вршат онлајн-врсничко насилство поради желба да покажат моќ (3.89%), а потоа поради шега (3.86%). Кај девојчињата причините, односно мотивите зошто вршат онлајн- врсничко насилство се одмаздата (3.83%) и омразата (3.81%), а потоа следи завидливоста (3.79%).

Од погоре изнесените податоци, добиени при анализа на одговорите од анкетата, може да се заклучи дека девојчињата се попогодени од онлајн-врсничкото насилство. Перцепцијата и кај девојчињата и кај момчињата е дека девојчињата се почесто жртва на онлајн-врсничко насилство. Родовите разлики постојат и кај формите на онлајн-врсничко насилство од кои се погодени учениците, но и кај причините поради кои учениците вршат онлајн-врсничко насилство. Единствено кај сексуалното вознемирување на интернет има речиси приближен процент, односно приближен број момчиња и девојчиња изјавиле дека биле предмет на сексуално вознемирување на интернет.

# 5. ЗАКЛУЧОК

Онлајн-врсничкото насилство најчесто се дефинира како повторливо вербално или психолошко вознемирување извршено од поединец или група, против други поединци, преку интернет услуги и дигитална технологија. Тоа е сериозна манифестација на онлајн-насилство со карактеристики на дисбаланс на моќ, анонимност и капацитет за масовна комуникација. Само еден онлајн чин може да биде форма на онлајн-врсничко насилство, без потреба делото да се повторува со текот на времето. Како посебен вид онлајн -сајбер) насилство е родово базираното насилство, изршено со злоупотреба на технологијата. Овој вид дигитално насилство се врши против одредена личност, засновано е на нејзиниот род, и тоа многу почесто врз девојки и жени.

Наодите од систематското набљудување на случаи на онлајн-врсничко насилство на социјалните мрежи покажуваат дека мизогинијата, сексистичките коментари, сексуалната објектификација и говорот на омраза се присутни на голем број профили/страници на познати инфлуенсери/-ки и јутјубери/-ки. Коментарите се насочени кон критика на женскиот изглед и најчесто содржат погрден сексуализирачки јазик, исмејување, омаловажување, давање „совети" за тоа како треба да се изгледа, како треба некој да се облече.... Коментарите (не)намерно ги реплицираат родовите стереотипи и културно „пропишаните" стандарди и очекувања кои девојките и/или момчињата треба да ги исполнат. На тој начин се предизвикува интернализирање на општествените предрасуди, односно пренесување на одредени надворешни норми, стандарди, односи и дејства на внатрешен, ментален план, кои младите можат да ги перцепираат како свои. Влијанието на родовите предрасуди и родовите стереотипи е сè уште многу присутно и во онлајн- просторот.

Погрден и деградирачки наратив доаѓа и од момчиња, но и од девојчињата. Предничат момчињата. Исто така преовладува и наративот на поддржување и охрабрување на ваквиот начин на коментирање, што доведува до повторно соочување на жртвите на онлајн-врсничкото насилство со несоодветен јазик, со бесчувствителни коментари и други форми на врсничко насилство, односно до еден вид секундарна виктимизација. Момчињата- инфлуенсери најчесто добиваат коментари врз основа на заштитена (дискриминаторска) основа, односно врз основа на претпоставена сексуална ориентација и тоа најчесто од момчиња. Во ваквите случаи се забележува дека често девојките им даваат поддршка на инфлуенсерите и застануваат во нивна одбрана. Девојките покажуваат поголема емпатија кон лицата кои се вознемирувани, вклучително и кон врсници кои се вознемирувани. Момчињата покажуваат помалку емпатија и помала подготвеност да застанат „во одбрана" на лицето доколку е цел на навредливи и исмејувачки коментари. Емпатичните вештини и просоцијалното однесување може да послужат како заштитни средства против онлјан вознемирувањето. Девојките се поподготвени да побараат помош во случај да бидат жртви, за разлика од момчињата, кои пак се жртви на социокултурните влијанија, а тие пак бараат од нив поголема способност за самонадминување и самосправување со ваквите појави.

Постојат родови разлики во времето поминато на интернет, така девојчињата во просек поминуваат повеќе време на социјалните мрежи, но исто така има и родови разлики во начинот на користење на времето поминато на интернет. Девојчињата повеќе време поминуваат во споделување објави, фотографии, во комуницирање, додека пак момчињата во играње игри. Времето поминато на социјалните мрежи е во позитивна корелација со изложеноста на ризик од онлајн-врсничко насилство. Социјални мрежи на кои најмногу е застапено онлајн-врсничкото насилство се Instagram, X и TikTok, што всушност кореспондира со времето поминато на двете социјални мрежи, бидејќи учениците поминуваат најмногу време токму на Instagram, па потоа на TikTok. При систематското набљудување на наративите на социјалните мрежи, TikTok исто така се покажа како социјална мрежа која предничи во распростанетоста на онлајн-врсничкото насилство.

Меѓу формите на онлајн-врсничко насилство кои најчесто се среќаваат според фокус-групите се „маскирањето", односно создавањето лажен профил на социјалните мрежи, понатаму споделувањето лажни, монтирани слики, како и озборувањето и клеветите. Наодите пак од анкетата потенцираат дека озборувањето, несаканите пораки, сексуалното вознемирување и социјалното игнорирање се најчести форми на онлајн-врсничко насилство. При тоа има родови разлики во однос на формите на онлајн-врсничко насилство на кои се подложни девојчињата и момчињата. Девојчињата се многу поподложни на озборување и онлајн-демнење, додека пак момчињата на социјално игнорирање.

Постојат родови разлики во главните причини поради кои момчињата и девојчињата вршат онлајн- врсничко насилство. Момчињата најчесто го вршат онлајн-врсничкото насилство поради желбата за доминација, односно моќ и шега, додека пак девојчињата најчесто вршат онлајн-врсничко насилство од одмазда, омраза и завидливост. Перцепцијата и кај девојчињата и кај момчињата е дека девојчињата се почесто жртви на онлајн-врсничко насилство. Најчести жртви на онлајн-врсничко насилство се лицата кои отскокнуваат од средината и културно -пропишаниот стандард на однесување и изглед. Лицата кои имаат свој специфичен изглед, начин на облекување, изразување, визуелен идентитет, почесто се жртви на онлајн-врсничко насилство. Момчињата за кои се претпоставува дека имаат различна сексуална ориентација од хетеросексуалната, исто така се многу почесто цел на онлајн-врсничко насилство.

Од анализата, во однос на последиците од онлајн-врсничкото насилство, може да се заклучи дека девојчињата имаат поголеми психички последици, посебно доколку се работи за форми на онлајн- врсничко насилство, како што се лажни монтирани разголени фотографии. Ниска самодоверба, депресија, изолираност, промена на средината на живеење и школување, се меѓу последиците и за девојчињата и за момчињата. За момчињата сепак беше посочено дека имаат тенденција повеќе да се изолираат. Со цел да се превенира и да се намали сајбер- вознемирувањето, потребно е да се работи на врсничка едукација, со конкретни примери и студии на случај, наставниците да се едуцираат повеќе за проблематиката, да се работи со родителите- за да можат навреме да ги препознаат знаците на онлајн-врсничко насилство кај децата. Вршителите на сајбер-насилство е потребно да се вклучат во едукативните програми, како и да се разговара со нив со посредство на медијатор. Особено е важно да се намали стигмата и срамот од пријавување кај психолог и психолозите треба поактивно да се вклучат во превентивните програми. Потребна е и поголема подрршка на жртвите, казнени мерки за вршителите на булинг, како и развој на емпатични вештини кај учениците.

Влијанието на инфлуенсерите најчесто е двонасочно, односно тие можат да придонесат во креирање емисии/поткасти за превенирање на врсничко насилство, но истовремено можат да влијаат и во креирањето модели на токсична машкост и во промовирањето недостижен модел на убавина. Јутјуберите можат да поттикнат врсничко насилство и да станат негативен модел на однесување, посебно за учениците од основните училишта кои многу повеќе ги следат. Ова е секако многу позагрижувачки податок, што укажува дека е потребна едукација и на учениците од основното образование.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Образовниот систем игра многу важна улога во адресирањето на безбедноста во физичките простори во училиштата, но и во онлајн-безбедноста, овозможувајќи им знаење на децата и дигитални вештини за идентификување секаков вид вознемирување, вклучително и за онлајн-вознемирувањето. Во таа насока се и следниве препораки.

**Препораки за училишта и за образовни институции:**

1. Воведување превентивни и интервентни програми во училишта, насочени кон превенција и намалување на врсничкото насилство и онлајн-врсничкото насилство. Пример за програма како позитивна практика *Prev@cib.* Повеќе за програмата *https://crimesolutions.ojp.gov/ratedprograms/702#1-0 )*
2. Воспоставување и спроведување внатрешни политики (правилници, процедури и сл.), а училиштата треба да имаат јасни политики против врсничкото насилство и онлајн- врсничкото насилство.
3. Промовирање позитивна училишна клима, која помага да се спречи и да се намали агресијата помеѓу врсниците во физичкиот простор и онлајн-(сајбер) просторот -преку промовирање и зацврстување позитивни меѓучовечки односни, вредности, верувања, помош и поддршка, отворена комуникација, охрабрување на поддржувачката средина.
4. Промовирање и спроведување кампањи за подигање на свеста на учениците, наставниците, родителите, пошироката заедница за можните последици од врсничкото насилство и онлајн-врсничкото насилство. Кампањите можат да бидат преку изработка и споделување постери, плакати, брошури, како и кампањи на социјалните медиуми.
5. Обуки за зголемување на медиумската и дигиталната писменост и одговорно онлајн- однесување на ученици, со цел зголемување на капацитетите и зајакнување на дигиталните вештини и на вештините за медиумска писменост на учениците. Соодветно на тоа и специјални обуки за наставниот кадар во училиштата, како и вклучување на родителите во обуките.
6. Обезбедување системи за поддршка на жртвите на онлајн-врсничкото насилство. Ова може да вклучува услуги за советување од стручните служби во училиштата (педагог, психолог), односно активно промовирање и поголемо вклучување и искористеност на стручните служби, како ресурс во училиштата.
7. Формирање групи за поддршка од врсници и/или интерни телефонски линии за помош, кај кои жртвите можат да побараат помош. Охрабрување за пријава на случаите /инцидентите и поддршка за жртвите.
8. Развој и спроведување програми за случајни сведоци (трети лица-сведоци на онлајн-врсничко насилство);
9. Размена на искуства, добри практики и воспоставување соработка преку креирање мрежи, односно платформи меѓу училиштата.

**Препораки за учениците, за заштита од онлајн-врсничко насилство:**

1. Заштитете ја вашата лозинка: чувајте ја вашата лозинка и не ја споделувајте, чувајте ги сите приватни информации и фотографиите. Пред да му испратите своја фотографија на врсник или пред да ја објавите на интернет, размислете дали тоа е нешто што би сакале другите да го видат.

2. Размислете пред да објавите пост или фотографија. Не објавувајте ништо што може да ја загрози вашата репутација.

3. Поставете контроли за приватност: ограничете кој може да ги гледа вашите онлајн- профили - само на доверливи пријатели.

4. „Гуглајте"- одвреме-навреме пребарувајте го вашето име на сите главни пребарувачи и видете дали ќе се појават ваши лични информации или фотографии. Ако најдете нешто што може да го користат сајбер-насилниците за да ве таргетираат, преземете акција и отстранете го.

5. Не отворајте пораки од луѓе што не ги познавате, бидејќи тие можат да содржат вируси и да го заразат вашиот компјутер. Одјавете се од вашите сметки на јавни компјутери.

6. Вклучете се во активност за подигнување на свеста за онлајн-врсничкото насилство, без разлика дали тоа е преку настан, кампања или преку помош и поддршка на свои врсници кои доживеале некој вид вознемирување.

7. Не бидете сајбер-насилници.

**Препораки за други институции:**

1. Спречувањето онлајн-врсничко насилство бара сеопфатен и мултисекторски пристап кој вклучува поединци, заедници, едукатори, онлајн-платформи и медиуми, ресорни министерства, односно кој бара вклучување и на други служби, надвор од образовниот сектор, како што се и центрите за социјална работа и социјалните работници, граѓанскиот сектор, вклучувањето полициски службеници, службите кои работат на компјутерски криминал....

2. Институцијата Народен правобранител да има поактивна улога во оваа област, посебно Одделението за заштита на правата на децата. Иако одговорните лица за заштита на правата на децата обезбедуваат заштита на сите детски права, вклучително и во поглед на нивниот третман во училиштата, правата на еднаквост и недискриминација, како и забрана за физичко и психичко малтретирање во училиштата, сепак потребна е и поголема вклученост во делот на заштита и превенција на децата од сајбер-вознемирување.

3. Во однос на вклучувањето на Владата, односо на ресорните министерства, потребен е континуиран развој на програми, доследно спроведување на програмите и стратегиите, вклучително и на веќе постоечките, како што се Националната стратегија и Акцискиот план за превенција и заштита на децата од насилство и Националната стратегија за млади, како и да се врши редовен мониторинг и евалуација на програмите и стратегиите.

4. Континуирано следење на развојот на официјалните документи, прописи и дефиници на европско ниво и усогласување на истите во националното законодавство, како и во националните стратегии и програми.

5. Воспоставување национални системи за собирање податоци, специјално насочени кон онлајн-врсничко насилство на млади/деца до 18 год.

6. Креирање апликации со кои би им се овозможило на корисниците да бараат помош со еден клик, во случај на штетна или несоодветна содржина или однесување.

**Препораки за онлајн-медиумите:**

1. Во 2016 година, Facebook, Microsoft, X (Twitter) и YouTube со Европската Комисија потпишаа Кодекс на однесување за борба против говор на омраза. По 2016 година и други социјални медиуми се приклучија на Кодексот, како што се Instagram, Snapchat, Daily motion, Tik Tok, LinkedIn итн. Сепак, некои, како што е Telegram, сè уште имаат минимални механизми за саморегулација на говор на омраза и други навредливи содржини и имаат прилично мизогинска и навредлива содржина.
2. Зајакнување на механизмите за рано откривање и превенција на агресивните однесувања на страниците/профилите на онлајн медиумите на социјалните мрежи и преземање соодветни мерки со цел запирање на понатамошната ескалација на ваквиот тип однесувања.
3. Рано и навремено отстранување на говорот на омраза и сите останати форми на онлајн- врсничко насилство
4. Поттикнување на саморегулацијата на онлајн –медиумите, како алтернатива на регулација.
5. Користење на интерните механизми, воспоставени од самите онлајн-платформи, за известување за прекршување на правилата за користење.
6. Поголема активност и навремена реакција од администраторите и модераторите на форумите и на онлјан -порталите.
7. Компаниите за социјални медиуми и нивните платформи да имаат поголема одговорност и да обезбедат нивното онлајн искуство да ја промовира благосостојбата и заштита на децата.
8. Донесување посебен Закон за регулирање на онлајн медиумите во Република Северна Македонија

**Родово специфични препораки:**

1. Родовите разлики треба да се земат предвид при планирањето, развојот и спроведувањето на превентивните и интервентните програми против онлајн-врсничко насилство, со цел да се зголеми ефикасноста на програмите. Проучувањето на родовите разлики е важно, бидејќи девојчињата и момчињата имаат различни и специфични родови потреби. Затоа е потребно користење на родово- сензитивен пристап во превенцијата, но и родово-сензитивен пристап кон жртвите и кон вознемирувачите.
2. Интегрирање на родово-сензитивното образование во наставните програми, имајќи ја предвид родовата димензија и родовите разлики во искуствата и перцепциите.
3. Креирање родово-трансформативен пристап-Родово-трансформативниот пристап е релевантен за трансформирање на штетните родови норми, улоги и односи во позитивни и охрабрувачки. Родово-трансформативните пристапи, преку трансформирањето штетни родови норми и улоги ,се обидуваат да ја оспорат родовата нееднаквост.
4. Интегрирање на родовата перспектива во превентивните и интервентните програми во училиштата.
5. Интегрирање на родовата перспектива во внатрешните политики (правилници, процедури и сл.), бидејќи училиштата треба да имаат јасни родово-сензитивни политики против врсничкото насилство и онлајн-врсничкото насилство.

6. Спроведување обуки за градење посебни вештини и капацитети кај учениците, како што се развој на емпатија, емпатични вештини и просоцијални вештини, со цел поголем степен на емпатична загриженост кај учениците кон жртвите на сајбер-булинг. Фокусот од овие програми да се стави на момчињата.

7. Спроведување обуки за комуникација, позитивна машкост, квалитет на врски со врсници и друго, согласно на потребите

8. Формирање родово-хетерогени групи за поддршка на врсниците.




ihr.org.mk